## Податоци за органот кој го изработува планскиот документ

| | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Локален Еколошки Акционен План (ЛЕАП) на Општина Крива Паланка за период од шест години (2025-2030 година) |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот** | Г-КОНСАЛТ ДООЕЛ Скопје |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Општина Крива Паланка |

## Податоци за изработувачот на планскиот документ

| | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Мартина Блинкова Дончевска |
| **Назив на работното место** | Консултант за животна средина |
| **Контакт податоци за лицето** | Ул. Манапо 7/1-51,Скопје<br>e-mail: info@gconsult.mk |

## Основни податоци за планскиот документ

**Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)**

Изработката на ЛЕАП произлегува од потребата на граѓаните за чиста и здрава животна средина, но и како обврска согласно со Законот за животна средина и Законот за локална самоуправа. Општините имаат должност на своето подрачје да ги преземаат сите мерки и активности за заштита и за унапредување на животната средина, кои не се во исклучива надлежност на државните органи. Според Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 05/02) од член 22, надлежност на општината е да ја заштити животната средина и природата и да спроведе мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење. Практична алатка за заштита на животната средина е изработка на општински ЛЕАП. Насоки за изработка на ЛЕАП се дадени во членовите 60-62, а особено член 64 од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ", бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и („Службен весник на РСМ", бр. 89/22 и 171/22).

**Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?**

ДА ☒
НЕ ☐

**Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?**

/

**Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.**

Да, ЛЕАП-от е плански документ за кој задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето. Од областите определени со член 65 став 2 за кои се спроведува стратегиска оцена на животната средина, ЛЕАП-от спаѓа во: просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето.

**Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Да** ☒<br>**Не** ☐ | **Член:** 3 | **Точка** 14 | **Алинеја:**/ |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

ЛЕАП-от, врз основа на оцена на степенот на загаденост во општината, вклучува мерки и активности од интерес и во надлежност на општината за заштита на животната како што е: Обезбедување комунална, транспортна и енергетска инфраструктура. За овој вид на активност е потребно да се споведат соодветни оцени на влијание врз животната средина (Елаборати за заштита на животната средина) на ниво на проект.

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**
Не

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

- Проценка на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина, базирани на ризикот за човековото здравје, екосистемите и генерално квалитетот на животот;
- Развивање на стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина;
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина.

Преку донесувањето на овој ЛЕАП, жителите на општината ќе имаат голем број долгорочни придобивки, како што се:

- Структура за соработка на локално ниво меѓу општествените чинители;
- Информирање за постојните проблеми на животната средина во општината;
- Развиена стратегија за решавање на проблемите од областа на животната средина;
- Создадени услови и локални капацитети за идни инвестиции за решавање на проблемите од областа на животната средина во општината итн.

**Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Заштита на животната средина

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

ЛЕАП-от се донесува за период од 6 години.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**
Да, по истекот на шестте години

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).**

Општина Крива Паланка се простира на површина од 481 $km^2$, со средна надморска височина од 450 м.н.в. до 2252 м.н.в. (врвот Руен) на Осоговските Планини и според географската диспозиција се наоѓа во Североисточниот регион на Република Северна Македонија. Припаѓа на сливното подрачје на Крива Река и се простира на северните падини на планината Осогово, јужните падини на планината Герман и на дел од Биљино Поле.




Слика 1.Географска положба на општина Крива Паланка

Општината зафаќа појас на две гранични линии, на север се граничи со Република Србија, а на североисток со Република Бугарија. Соседни општини на Општина Крива Паланка се: Ранковце, Кратово, Македонска Каменица, Кочани, општина Ќустендил во Република Бугарија и општините Босилеград и Трговиште во Република Србија. Општината се простира на сегмент од Коридорот Е-8, кој ја поврзува Азија со јужниот дел на Балканскиот Полуостров што ја прави макролокацијата на општината посебно атрактивна и значајна.

Градот Крива Паланка е распространет на двата брега на Крива Река и во должина на течението на Дурачка Река, зафаќа вкупна површина од околу 330 хектари со просечна надморска височина од 680 метри.

**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

Да☒
Не☐

**Дали е приложена копија од целите?**

Да ☒
Не ☐

**Резиме на влијанијата врз животната средина**

(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето).

**Потенцијални влијанија врз животната средина од планскиот документ.**

Севкупните влијанија од ЛЕАП-от како плански документ се позитивни во однос на животната средина во општина Крива Паланка. Спроведувањето на ЛЕАП на општина Крива Паланка ќе резултира со:

- Информирана јавност за постојните проблеми од областа на животната средина ,
- Подигната јавна свест за заштита на животната средина во сите сегменти,
- Создадени услови и локални капацитети за идни инвестиции за решавање на проблемите од областа на животната средина,
- Зголемен број на успешно реализирани проекти и иницијативи за решавање на проблемите од областа на животната средина,
- Воспоставена структура за соработка помеѓу секторите во општината. Развиена соработка меѓу општината и јавните претпријатија, научните установи, бизнис заедницата.

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | ЛЕАП-от има за цел да ги дефинира стратешките цели за заштита на животната средина и да ги одреди најважните програми и проекти кои ќе овозможат ефикасна заштита на животната средина и природата паралелно со обезбедување на економски развој и поефикасно искористување на фондови. Времетраењето на ЛЕАП-от е за 6 години, по што ќе се изработи нов .<br>Економскиот и социјалниот развој во иднина треба да се заснова на одржливо користење на природните ресурси и рамномерен развој на урбани и рурални области. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Генерално,планскиот документ нема да предизвика кумулативни влијанија врз медиумите од животната средина и здравјето на населението. Токму изработката на стратегската оцена ќе даде насоки како целите на ЛЕАПот да бидат во корелација со другите стратегиски документи. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Иако општина Крива Паланка е на границата помеѓу РСМ и Бугарија, имплементацијата на планскиот документ не се очекува да има негативни прекугранични влијанија, напротив со превземање на мерките, ќе се подобрат условите во животната средина. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Не се очекуваат опасности од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи и хаварии единствено од природни катастрофи. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Општина Крива Паланка се простира на површина од 481 $km^2$, со средна надморска височина од 450 м.н.в. до 2252 м.н.в. (врвот Руен) на Осоговските Планини и според географската диспозиција се наоѓа во Североисточниот регион на Република Северна Македонија. Припаѓа на сливното подрачје на Крива Река и се простира на северните падини на планината Осогово, јужните падини на планината Герман и на дел од Биљино Поле.Засегната популација е 18059 жители. |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ се: Преку согледување на состојбите и можностите, планот треба да создаде насоки за развој на нови тенденции кои ќе овозможат одржлив урбан развој, при што треба да се земат предвид следните елементи на зелената економија: зелен раст, зелени работни места, зелени јавни набавки, ефикасно управување со ресурсите, циркуларна економија и зелени технологии, еко иновации, социјални иновации и претприемништво и други мерки на зелената политика.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

Областа со реализација на ЛЕАП документот ќе добие зголемена вредност од аспект на одржливо користење на природните ресурси и рамномерен развој на урбани и рурални области.

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Во поширокото опкружување се наоѓа заштитено подрачје од V категорија заштитен предел – „Осоговски Планини", кое воедно претставува потенцијално Емералд подрачје. Ова е подрачје со регионални карактеристики и богат биолошки диверзитет. Исто така има Значајно Растително Подрачје Осогово (ЗРП) и Значајно Оринтолошко Подрачје Осогово (ЗОП).<br>Подрачје Киселичка Река е предложено за заштита поради неговата важност за фауната на цицачите и птиците. Се предлага ова подрачје да има статус на парк на природата.<br>Исто така во близина е лоцирано е Емералд подрачјето „Пчиња-Герман". |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | ЛЕАП-от треба да ги обработи чинителите на развојот и нивното влијание врз животната средина. Урбанизмот просторното планирање, со посебен акцент на одржливото користење на земјиштето, негативните ефекти од легализацијата на бесправно изградените објекти и степенот на нивна понатамошна опременост со инфраструктура и уреденост, можностите за сеуште неискористениот потенцијал на локалитетите идентификувани како brownfield локалитети, можностите и потребите од развивање на урбано фармерство, односно урбани градини и сл., се само дел од темите чија цел на подобрување состојбата со користење на земјиштето во општина Крива Паланка. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја подрачја.** | Предвидените плански содржини нема да имаат негативни влијанија врз пејзажот. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

ЛЕАП-от треба да ги обработи чинителите на развојот и нивното влијание врз животната средина, преку обработка на состојбите, трендовите на развој и влијание, постојната регулатива и институционалната рамка за управување, достигнатите технички и технолошки стандарди и постоечки мониторинг во следните области:

- урбанизмот и просторното планирање, со посебен акцент на одржливото користење на земјиштето, негативните ефекти од легализацијата на бесправно изградените објекти и степенот на нивна понатамошна опременост со инфраструктура и уреденост,
- можностите за сеуште неискористениот потенцијал на локалитетите идентификувани како brownfield локалитети,
- можностите и потребите од развивање на урбано фармерство, односно урбани градини и сл., стопанството (индустрија, енергетика и енергетска ефикасност, земјоделство, шумарство и туризам со акцент на еко туризам), сообраќајот, услови за одвивање на сообраќајот, јавниот транспорт, велосипедскиот сообраќај, посебен осврт кон одржлив развој.

ЛЕАП-от има за цел да ги дефинира стратешките цели во областа на заштитата на животната средина и да ги одреди најважните програми и проекти кои ќе овозможат ефикасна заштита на животната средина, брз социјален и економски развој, престанок на миграцијата и поефикасно искористување на претпристапните фондови на ЕУ.

Преку согледување на состојбите и можностите, ЛЕАП-от треба да создаде насоки за развој на нови тенденции кои ќе овозможат одржлив урбан и рурален развој. Исто така треба да ги одреди приоритетните задачи и да ги идентификува проектите за задоволување на целите, како и условите за примена на најповолните стопански, технички, технолошки, економски и други мерки за одржлив развој и управување со животната средина.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Не се очекува предвидените активности да имаат негативно влијание на непосредната околина. Не се работи за изградба на посебен инфраструктурен објект, туку се предвидуваат активности кои имаат за цел намалување на влијанијата врз животната средина, и сл.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој(да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).**

ЛЕАП-от како стратешки плански документ од областа на животната средина треба да ги идентификува потенцијалните извори на загадување на животната средина и статусот на медиумите на животна средина, да овозможи континуиран дијалог со бизнис заедницата, да дефинира мерки за намалување на потрошувачката на природните ресурси, контрола и спречување на загадувањето преку емисии во медиумите на животната средина и овозможи одржливо и квалитетно живеење за локалното население, но и за идните генерации.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Загадување на воздух и квалитет на воздух, вода и квалитет на вода, почва и искористување на земјиште, отпад, бучава, енергетска ефикасност, природа и природни ресурси, одржлив развој;

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Имплементацијата на планскиот документ ќе биде во корелација со локалните, регионалните, националните и меѓународни документи со цел да бидат постигнати целите и нивните барања. Меѓу нив се:

- Просторниот план на РСМ
- ГУП на општина Крива Паланка
- Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030);
- Стратегија за води на Република Македонија (2011-2041);
- Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030)
- Национална стратегија за заштита на природата 2017-2027
- Национална стратегија и акционен план за заштита на биолошката разновидност
- Национална стратегија за апроксимација во животната средина
- Национална стратегија за биолошка разновидност со акциски план 2018-2023
- Стратегија за развој на енергетиката до 2040 година)
- Национална стратегија за управување со отпад (2008-2020);
- Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2009-2019);
- Национална транспортна стратегија (2007-2017)
- Стратегијата за искористувањето на обновливите извори на енергија во Република Македонија,
- Втор Национален Еколошки Акционен План на Република Македонија (2006);
- Национален План за управување со отпад (2021-2031);
- Регионален план за управување со отпад на северо-источен плански регион
- Национален акциски план за борба против опустинување во Република Македонија 2017-2023;
- Национален Акционен план за ратификација и спроведување на Протоколот за тешки метали, Протоколот за POPs и Гетебуршкиот протокол кон Конвенција за далекусежно прекугранично загадување на воздухот (2010 година)
- Национален план за заштита на амбиентниот воздух (2013-2019),
- Национален план за заштита на амбиентниот воздух во Република Македонија (2013-2018 година);
- План за управување со заштитен предел Осоговски Планини (2021-2031)
- План за локален економски развој на Општина Крива Паланка 2024-2027
- Родово одговорна стратегија за одржлив развој на Општина Крива Паланка 2022–2027
- Меѓуопштински стратешки план за намалување на ризици од катастрофи на општините Крива Паланка и Ранковце 2022-2026
- Стратегија за управување на ризиците на Општина Крива Паланка
- Социјален план на општина Крива Паланка 2021-2024
- Стратегија за развој на туризмот на Општина Крива Паланка, 2020-2025
- Локален акциски план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка 2021-2023
- Стратегија за локален развој на Општина Крива Паланка 2015-20
- Стратегија за млади на Општина Крива Паланка 2019-2024
- Програма за енергетска ефикасност на општина Крива Паланка 2012-2014
- Локална ИКТ Стратегија на Општина Крива Паланка
- План и програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за периодот 2015-2019

Целите на ЛЕАПот со целите на горенаведените документи во целост ќе бидат опфатени во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Постапка за стратегиска оцена на животната средина е водена за:

- ГУП на општина Крива Паланка
- Регионален план за управување со отпад на северо-источен плански регион
- План за управување созаштитен предел Осоговски Планини (2021-2031)
- Национален План за управување со отпад (2021-2031);
- Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија за периодот 2008- 2020, со визија до 2030 година;
- Стратегија за води до 2040 година.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за ЛЕАПот ќе биде во синергија со нив.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Не е апликаивно за ваков вид на план

| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** | |
|---|---|---|
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | | **Градоначалник, Сашко Митовски** |
| Број: **29-2187/2**<br>Датум: **26.04.2024 година**<br>Место: **Крива Паланка** | | **М.П.** |